Fact sheet 5 - MACEDONIAN

# Cbus го зборува вашиот јазик.




## Дали промените на пазарите ќе влијаат на моите пензиски влогови?

Cbus го зборува вашиот јазик.

После период на голем пораст, неодамнешното опаѓање на финансиските пазари значи дека приносот од вложувањето на пензиските влогови е во негатива. Иако никој не сака да ги види овие краткорочни негативни последици, треба да запамтиме дека нашите пензиски влогови се долгорочна инвестиција која се зголемува во текот на целиот ваш работен век.

### Пребродување на растовите и падовите

Од формирањето на Cbus во 1984 г., ние внимателно ги следиме растовите и падовите на финансиските пазари. За да се справиме со ваквиот ризик, инвестираме во различни видови на средства за остварување на принос. Ние исто така планираме однапред за да можеме да имаме корист кога циклусот на пазарот ќе се врати во фазата на раст. Овој долгорочен став помага вашите пензиски влогови да ги пребродат растовите и падовите на пазарот со текот на времето.

### Најважно е долгорочното достигнување

Земете го во предвид долгорочното достигнување на Главниот стратешки план за инвестирање на Cbus во кој инвестираат околу 90% од членовите на Cbus. Од почетокот во 1984 г., Главната стратегија носи принос од вложувањата во износ од над 9% годишно. Токму ова долгорочно достигнување е најважно.

### Што ако сум близу до пензионирање?

Ако сте близу до пензионирање и ве загрижува негативната стапка на принос од вложувањето, во тој случај пред да преземете било какви мерки треба да побарате совети. За лични финансиски совети, зборувајте со квалификуван планер за финансии од Cbus. Првата консултација ќе биде бесплатна. Телефонирајте во Службата на Cbus за финансиско планирање и пензионирање (Cbus Financial Planning and Retirement Services) на 1300 365 973.

**За да дознаете повеќе, телефонирајте на 1300 361 784 или посетете ги Интернет страните www.cbussuper.com.au**

Овој информативен лист е наменет да ви даде информации само од општа природа. Cbus го подготви без да ги земе предвид вашите лични цели, финансиска ситуација или потреби. За понатамошни информации и примерок од нашиот Документ за поединости во врска со нашиот продукт (Product Disclosure Document - PDS), посетете ги Интернет страните www.cbussuper.com.au или телефонирајте на 1300 361 784. Полномошник на Cbus: United Super Pty Ltd ABN 46 006 261 623, AFS-дозвола бр. 233792. Австралиски деловен број на Cbus: 75 493 363 262. Постигнувањата во работата од минатото не се неопходни показатели за постигнувањата во работата во иднина.

ЈУНИ 2009